ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATON OF MASEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun: 2340009-1100038804

Урброј: ЗМ - 4 /2003
Загреб, 17.01.2003.

# З А П И С Н И К

од **14-тата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **14.01.2003.** г. со почеток во 11,30 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Присутни: Илија Христодулов, Иван Качуров, Благоја Јовановски, Славица Сагадин, Ксенија Јурановиќ, Никола Илиевски и Анка Рабузин - в. д. секретарка на Заедницата.
Своето одсуство телефонски го оправда - претседателот на МКД "Биљана" од Задар- Ванчо Карпузовски.
Седницата ја водеше претседателот на Заедницата и претседател на Управниот одбор -Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување на правно важечки одлуки, претседателот најпрво ги извести присутните дека за оваа година сеуште немаме информација од Уредот за нац. малц. за средствата предвидени за програмите на Заедницата и друштвата. Потоа, тој нагласи дека од здравствени причини наредните два месеци нема да биде во можност потполно да се посвети на работите во Заедницата, па заради тоа ги замоли присутните да го прифатат неговиот предлог -да во тоа време за се што е потребно да се реализира, тоа да се направи со помош на потпретседателите на Заедницата: И. Качуров и Б. Јовановски и в.д. секретарка -А. Рабузин, со што присутните се сложија.
Потоа претседателот го прочита предложениот дневен ред за работата на седницата и предложи да од истиот се брише точка 3. бидејќи темата од таа точка се однесува до друштвото од Загреб, а предложи и тоа да по завршувањето на оваа седница, по тоа прашање посебно тој, г-дин И. Качуров и г-динот Н. Илиевски - седнат и изнајдат решение по таа точка на днев. ред затоа што -**сите се сложија дека Заедницата нема ингиренции да се меша во внатрешните работи на друштвата.**
По кратката расправа, членовите на УО со јавно гласање, со **5 гласови -за и 1-против, го прифатија** предлогот на претседателот и седницата ја продолжи работа по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 13-тата седница.

2. Финансиски извештај за работата на Заедницата во 2002. год.
   (**Izvještaj o ostvarivanju programa i utrošku sredstava za 2002. godinu**) - извештај за секое друштво посебно -поднесува претседателот на самото друштво.

3. Договор за активностите кои би се одржале до наредната седница на УО.

4. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање: **5 гласа -за и 1-против, го усвоија записникот од 13-тата седница.**

**Ад. 2.** По оваа точка на дневниот ред, членовите на УО најпрво **констатираа дека сите претседатели на друштвата ги доставија извештаите** за остварените програми и потрошените средства во 2002. година (извештајот за друштвото од Задар е доставено по пошта).
Г-ѓа А. Рабузин ги информира присутните дека од страна на Уредот за нац. малц. се доставени сите предвидени средства за 2002. год.(вкупно 380.000,00 кн) према изводот од решението на Владата на РХ со тоа што, нагласи таа, последните средства се дозначени со закаснување, така да истите до друштвата се дозначени во овој месец. Присутните се сложија да секој претседател на своја одговорност во прилог на извештајот за своето друштво **праќа или не** фотокопии на бараните документи до Уредот, а за Заедницата тие документи да бидат прилог на извештајот.
После тоа претседателот отвори дискусија за усвојување на извештајот на Заедницата во која учествуваа сите членовите на УО и беа поставени одредени прашања од страна на г-ѓа С. Сагадин и г-динот Б. Јовановски на кои одговорија г-динот И. Качуров и претседателот. Додатно појаснување за трошоците за култ. манифестации во 2002. год. на ниво на Заедницата даде А. Рабузин, за што посебно за трошоците за 5-тата манифестација -Култ. творештво на нац. малц. во РХ, износот од 1.501,87 кн се однесува на трошоци за изнајмување на нар. носии и за сокови за учесниците кои ја претставуваа Заедницата. Членовите на УО после оваа расправа со јавно гласање донесоа **едногласна одлука: во иднина таковите врсти на трошкови бидат подмирени исклучиво доколку е претходно донесена одлука на седницата на УО за тоа.** Во дискусијата по оваа точка се водеше расправа и за режиските трошкови за што А. Рабузин појасни дека во минатата год. како е претходно договорено Заедницата ги подмирува сите реж. трош. освен за фотокопирање и телеф. трош. како за Заедн. така и за друштвото од Загреб - тие трош. ги подмирува друштвото од Загреб, а во кој процент се тие трош. точно, не е израчунато, па писутните **се сложија да се израчуна и достави тој податок.**
После дискусијата членовите на УО со јавно гласање: **едногласно -го усвоија Извештајот за остварените програми и потрошените средства за Заедницата во 2002. год.** и се сложија со констатацијата на претседателот дека во претходната година се водела грижа за економско трошење на средствата и дека и во иднина треба да се продолжи на таков начин за што како што е спомнато во дискусијата постои простор ( нпр. да не се внимава да не се остава уклучено греење во просториите).

**Ад. 3.** По оваа точка на дневниот ред членовите на УО водеа расправа за повеќе активности и работи што треба да се извршат во наредниот период за што донесоа потребни одлуки и ги усугласија своите предлози.

* Планираното во минатата година во издавачката дејност **да се доврши:**
- Да се отпечати зборникот: "Dani Dimitrija i Konstantina Miladinova" веднаш по

завршувањето на сите работи во врска со зборникот од страна на г-динот Б. Павловски.
- **И**сто така да се отпечати и книгата G. Scotti: "Zbirka makedonskih epskih narodnih pjesama i pripovjedaka" за која престедателот рече дека тоа ќе биде реализирано до крајот на март.

* **Ш**то се однесува до продавањето на книгите печатени од страна на Заедницата **констатирано е и договорено следново:**
- **Д**осега се продадени 13 книги од страна на Заедницата, а средствата за тоа во висина од 650,00 кн се прикажани во извештајот под точка I B.
- **О**д страна на друштвата нема продадени книги во минатата година.
- **Д**руштвото од Сплит ги нема добиено книгите B. Jovanovski: "Hrv.-mak. odnosi kroz stoljeća" вкупно 50 примероци за што извести претсед. К. Јурановиќ која нагласи дека тие книги не и ги предало претходното раководство на тоа друштвото и присутните се сложија да од страна на Заедницата се испрати допис до претходната претседателка со молба спомнатите книги да ги предаде на г-ѓа К. Јурановиќ.
- **О**д страна на Заедницата, а и друштвата, и во оваа година да се продолжи со продавањето на книгите на начин како е договорено во минатата година.
- **С**о продавањето на книгите исто така да се продолжи и на други начини:

**а)** во почетокот на февруари да се достават по еден примерок од сите книги по одредените цени во книжара Dominović d.o.o.- Zagreb, преку која во минатата год. е продадена една книга и од чија страна е даден предлог за комисионо продавање, а на ист начин да се договори продавање на книгите доколку е тоа можно и со други книжари.

**б)** г-динот Б. Јовановски да направи допис за Министерството за култура - овде ( и за други институции) за откуп на 100 примероци книги и по извршената наплата на книгите, истите да се достават од страна на Заедницата.

* Секое друштво самостално да **одлучи** за претплата на списание Македонија, а **за Заедницата да се изврши претплата за оваа година за еден примерок.**

* Членовите на УО со јавно гласање донесоа **едногласна одлука: од благајната се отпишува мањак на средствата во висина на 2.831, 38 кн.** Образложение: тие средства не можат да се повратат во благајната затоа што нема од кого, а се евидентирани како мањак во 2000 год. од претходното раководство на Заедницата.

* Исто така членовите на УО **се сложија** со предлозите на А. Рабузин:
- **да се испрати допис со прилог за програмите од оваа година до иституциите во Р. Македонија со молба за финасијска потпора за остварување на истите** (Заедницата за таа цел отвори девизен рачун).
- Посебно до Институтот за мак. јазик во РМ **да се испрати допис со молба да се реализира праќање на деца од нашите друштва во летен камп за учење на мак. јазик во оваа год.**
- Исто така да се **припреми допис за барање на донации за финанс. помош од фирми во градовите на нашите друштва** -на тој начин да се **реализира** набава на **компјутеска опрема** за Заедницата ( за интернет) и друго, а исто и за некои од друштвата.

Членовите на УО на оваа седница беа информирани од страна на А. Рабузин дека е

извршена пријава за добивање на бесплатни софтвески пакети за удруги и доколку истите бидат примени ќе се достават на сите друштва.

* За првата планирана култ. манифестација на ниво на Заедницата -100 г. од смртта на Гоце Делчев присутните го **прифатија** предлогот на претседателот- да за таа свечена академија г-динот **И. Качуров** како одговорна личност за организирање на манифестацијата, се иформира дали е можно некој од Македонија да одржи **предавање за ликот и делото на Гоце Делчев** и да се извршат и други припреми потребни за одржување на таа манифестација.

* По оваа точка на дневниот ред членовите на УО водеа расправа за одржување на годишното собрание на Заедницата за што се информирани дека со поднесувањето на програмите за 2003. год. од Уредот се побарани и средства за таа намена. После расправата членовите на УО ги донесоа следниве **заклучоци:**

- **Годишното собрание** да се одржи во сабота **29. март 2003. год. во 11,00 часот**.
- **патните трошкови** за секое друштво да бидат подмирени по пат на вирманско плаќање, за што секое друштво е должно да достави рачун.
- За друштвото од Сплит да се подмират **трошковите за спиење** во хотел за една ноќ и тоа во хотел со поволни цени.
- За **дневници** да се исплати вкупно за сите делегати од секое друштво преку претседателот на друштвото (доколку за тоа има средства).
- Во настанатата ситуација г-ѓа **Ксенија Јурановиќ** по изборот за претседателка на друштвото од Сплит **е член на УО на Заедницата**, а до следното собрание на Заедницата останува **в.д. член на НО**, а на год. собрание би се извршило нејзино **разрешување** од членстото во НО. Понатаму, заради тоа што г-динот **М. Гиговски** дава **оставка** на членство во НО и до своето **разрешувањето** на год. собрание према изјавата на г-ѓа К. Јурановиќ не би учествувал во изработката на извештајот на НО, затоа УО го **задолжува г-динот И. Качуров да одреди еден член од друштвото од Загреб за замена за М. Гиговски за изработка на извештајот на НО.**
- Членовите на УО се сложија да по завршувањето на год. собрание на делегатите на собранието им се даде закуска - **скромен шведски стол во Хрватск. култ. клуб.**
- Годиш. собрание би се одржало по следниов **протокол:**
- кратка музичка програма
- интонирање на химните ( на РХ и на РМ )
- поздравен говор на претседателот
- избор на записничар и двајца оверувачи на записникот
- утврдување на кворум
- работа на седницата на год. собрание по следниов

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог и усвојување на деловник (пословник) за начинот на работата на Собранието на Заедницата.
2. Извештај за работата на Заедницата во изминатиот период и усвојување на истиот.
3. **Финансиски** извештај на Заедницата за изминатиот период и усвојување на истиот.
4. Изјештај од извршената контрола на надзорниот одбор и усвојување на истиот.
5. Разрешување и избор на членови на надзорниот одбор.

6. Разрешување и избор на делегати на Собранието на Заедницата.
7. Разно.
 - домјенак.

**Ад. 4.** По оваа точка на дневниот ред, членовите на УО водеа расправа и ѓи усугласија своите предлози за следново:
 - Во врска со пристигнатиот материјал од Македонија (истиот проследен до друштвата), претседателот на УО ги замоли членовите да секој во своето друштво помогне околу тоа да се испратат деца во Македонија на ликовна колонија **МАЛ БИТОЛСКИ МОНМАРТР** и да се изврши пријава во дадениот рок, со што присутните се сложија.
 - Претседателот го прочита пристигнатиот **допис** од страна на Советот за национ. малцинства во РХ (прилог) и во врска со тоа присутните се сложија дека на оваа седница не е можно да се договори одговор на тој допис од причина, што истиот е примен многу доцна.
 - Кога од Македонија доаѓаат гости за **поклон** од страна на Заедницата присутните се сложија да бидат поклонети следниве книги: К. Миладинов: Да видам Охрид, Струга да видам и Б. Јовановски: Hrvatsko- makedonski odnosi kroz stoljeća.
 - Г-ѓа А. Рабузин ѓи информира членовите на УО дека постои барање за **најам** на просториите на два дена во неделата за вежбање на јога за што од страна на побарувачот би можело да се добијат средства во износ од околу 700,00 кн. месечно, а во врска со тоа предложија да г-динот И. Качуров према распоредот на работата на секциите на друштвото види дали е тоа можно.
 - Исто така членовита на УО водеа расправа и за тоа да се испита можноста за превоз на членови на Заедницата за присуство на прославата на Илинден во Македонија.
 - **Г-ѓа К. Јурановиќ** ѓи запозна членовите на УО со проблемите настанати во друштвото од Сплит во врска со што го прочита дописот од новинарот И. Луетиќ (прилог). Присутните го изразија своето жалење за таквата ситуација и **посебно нагласија дека единствен и легитимен член на оваа Заедница е МКД Македонија - Сплит чија претсед. е г-ѓа К. Јурановиќ** од која побараа да го ипрати до Заедницата последното решение за тоа друштво од Гратскиот уред за општа управа. Членовите на УО донесоа **посебен заклучок: се дава на знаење на сите друштва дека Заедницата се оградува од сите испратени дописи и написи по весници пишувани, одн. дадени од страна на поединци.**

Седницата заврши во 15,00 часот.

Записничарка:　　　　　　　　　　Претседател:

Анка Рабузин　　　　　　　　　　Илија Христодулов

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ ZAGREB / ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ЗАГРЕБ